Врз основа на чл. 15 т. 4 од Статутот на ЈКП "Водовод" - Битола и чл. 27 од Деловникот за работа на Управниот одбор а согласно доставеното Позитивно Мислење за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи од Надзорниот одбор на ЈКП "Водовод" – Битола, Управниот одбор на седницата одржана на ден 02. 03. 2021 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о.
Бр. 02-177/1
02.03. 2021 год.
БИТОЛА

# О Д Л У К А

За усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" – Битола за 2020 год.

1. Се усвојуваат во целост годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП"Водовод" – Битола за 2020 година според следните сметководствени параметри:
   Биланс на успех за период од 01.01.до 31.12.2020 година
   Вкупно приходи .................. 251.020.976,00
   Вкупно расходи ................... 250.307.807,00
   Вкупо бруто добивка ......... 713.169,00
   Данок на добивка................. 611.326,00
   Вкупно нето добивка........... 101.843,00

2. Составен дел на Одлуката се Билансот на состојбата (извештај за финансиската состојба) на ден 31.12.2020 година и Билансот на успех (извештај за добивка или загуба) за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година на ЈКП „Водовод" – Битола.

3. Составен дел на Одлуката е и доставеното Позитивно Мислење од Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

5. Примерок од Одлуката да се достави до Совет на Општина Битола и потребните служби во ЈКП „Водовод" – Битола.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 02.03.2021 год. разгледувајќи ја годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" – Битола за 2020 година а по претходно прибавеното Позитивно Мислење од страна на Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола, истите едногласно ги усвои, при што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. БИТОЛА 1

Митко Димовски

Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
БР. 02-176/1
02.03.2021 ГОД.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола

Врз основа на чл. 18 ст. 5 од Статутот на ЈКП "Водовод" – Битола, а во врска со чл. 7, 8 и 9 од Деловникот за работа на Надзорниот одбор на ЈКП "Водовод" – Битола, Надзорниот одбор во врска со прегледаната годишна сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" - Битола за 2020 год. до Управниот одбор, денес на ден 02.03.2021 година го дава следното:

**М И С Л Е Њ Е**

1. Надзорниот одбор на ЈКП "Водовод" - Битола во с

    1. **Мимоза Кузмановска – Танушевска - претседател**
    2. **Ивона Тодоровска - зам.претседател**
    3. **Менде Секуловски - член**
    4. **Билјана Китановска - член**
    5. **Наташа Георгиевска - Петровски - член**

    Ги разгледаа во целост годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" - Битола за 2020 година и дадоа **позитивно мислење** за истите.

2. Годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" - Битола за 2020 година се изготвени согласно параметрите предвидени со закон.

3. Надзорниот одбор на ЈКП "Водовод" – Битола предлага, Управниот одбор на своја седница, годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" - Битола за 2020 година, **да ги усвои** онака како што се презентирани.

4. Примерок од ова Мислење согласно Законот за Јавни претпријатија, Статутот и Деловникот за работа на Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод" - Битола, ќе се достави до Советот на Општина Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со своите законски и нормативни овластувања и обврски, Надзорниот одбор на ЈКП “Водовод” – Битола, на ден 02.03.2021 година ги разгледа детално, ставка по ставка, годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП “Водовод” - Битола за 2020 година.

Годишната сметка и финанасиските извештаи на ЈКП “Водовод” - Битола за 2020 година се изработени стручно и ги задоволуваат сите параметри предвидени со закон.

Од овие причини Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод“ – Битола, дава **ПОЗИТИВНО** мислење до У.О. на ЈКП “Водовод” - Битола со предлог, годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП “Водовод” - Битола за 2020 година да се усвојат, онака како што се презентирани.

Ова свое Мислење Надзорниот одбор го дава едногласно од погоре наведените членови.

Зам. претседател на
Надзорен одбор за контрола

Јавно комунално претпријатие п.о. “ВОДОВОД” 1 БИТОЛА